Добро владеење за
отвореност и отчетност
во политиката и владеењето

Автори: Данче Даниловска, Нада Наумовска

# ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА

## Отвореност на Собранијата во регионот и во Македонија

МЕТАМОРФОЗИС
Фондација за интернет и општество

ActionSEE

National Endowment for Democracy
Supporting freedom around the world

Овој проект е финансиран од Европската Унија.

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржините во оваа публикација се единствена одговорност на партнерите од проектот „ACTION SEE“ и на истражувачкиот тим и на ниеден начин не ги одразуваат ставовите на Европската Унија.

Автори: Данче Даниловска, Нада Наумовска

Истражувачки тим од Метаморфозис - Фондација за интернет и општество:
Бардил Јашари, директор
Лилјана Пецова –Илиеска, проектен координатор

# ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА

## Отвореност на Собранијата во регионот и во Македонија

---

**Ставовите изразени во овој документ се на авторите и не ги отсликуваат ставовите на донаторите.**

**Скопје, јули 2018**

## Вовед

Во соработка со партнерите од регионалната мрежа на НВО-и „ACTION SEE“, Метаморфозис, Фондација за интернет и општество ја изготви студијата на јавна политика во која го анализираме нивото на транспарентност, отвореност, отчетност на извршната власт во регионот на Западен Балкан. Студијата претставува резултат на опсежно истражување, базирано на научна метода, спроведено од членовите на мрежата ACTION SEE во текот на претходните неколку месеци. Целта на нашите активности е да се утврди вистинската состојба во регионот преку објективно мерење на отвореноста на извршната власт и да се адресираат препораки за нејзино подобрување. Исто така, цел е да се подобри почитувањето на принципите на доброто владеење, каде отвореноста зазема мошне важно место.

Сметаме дека ова се целите што ги споделуваме со институциите кои се вклучени во истражувањето.

Предлогот за јавна политика, со придружна анализа, е втор ваков документ. Членовите на мрежата, минатата година, по спроведеното истражување, дадоа препораки за подобрување на отвореноста на владините институции.

Врз основа на резултатите од истражувањето спроведено во 2016 година, се направени анализи кои обезбедуваат преглед на ситуацијата во РМ и во регионот, вклучувајќи и забележани недостатоци и добри практики во оваа област. Врз основа на овие анализи, минатата година беа направени препораки и “патокази” за подобрување на специфичните области опфатени со истражувањето.

Членовите на мрежата ActionSEE, базирајќи ја својата работа на наодите и резултатите од последниот мониторинг, пристапи кон подобрување и прилагодување на методологијата за истражување и индикатори, со надеж дека новите информации кои се собраа ќе придонесат кон повисок квалитет на резултатите од проектот. Целта на користење на нови и подобрени индикатори е додавање на нови димензии на истражувањето и поефективен придонес за подобрување на отвореноста на институциите од регионот.

Поседувајќи претходно знаење, конкретни резултати и анализа на регионалната отвореност, и верувајќи дека институциите на извршната власт, ќе бидат водени од презентираните чекори за подобрување на состојбите во овие области, ќе работат на подобрување на истата, ние одлучивме да се залагаме за повисоко ниво на отвореност на владините институции во регионот. Така, годинашното истражување е збогатено со индикатори кои се залагаат за повисок стандард на проактивна транспарентност.

Отвореност на Собранијата во регионот

Откако анализиравме голем број **методски** обработени податоци, забележавме и сличности и разлики во однос на ситуацијата во оваа област во земјите од **регионот**.

Резултатите од спроведеното истражува покажуваат дека отвореноста на Собранијата на регионално ниво е незадоволителна. Како и со извршните власти, забележано е дека генералниот резултат на отвореноста на Собранијата на регионално ниво е понизок за разлика од претходниот циклус на набљудување и мерење. Наместо да се постигне очекуваниот напредок во сферата на отвореноста,

Собранијата од регионот постигнаа полоши резултати споредено со претходниот период на истражување. Во просек беа исполнети **61%** од индикаторите од областа на отвореност. Резултатот е понизок за 2% во споредба со отвореноста забележана во 2016, кога таа изнесуваше **63%**.

Би сакале да истакнеме дека овогодинешното истражување опфати и застапуваше поголем степен на отвореност на институциите споредено со минатата година преку додавање нови индикатори за мерење отвореност, а со тоа се заострија самите критериуми за мерење. Веруваме дека таквиот заострен пристап до истражувањето придонесе за резултатите да покажат намалување во отвореноста на законодавната власт. Од друга страна, резултатите и анализираните податоци покажуваат дека законодавната власт нема направено никакви напори за да ја подобри отвореноста откако беа објавени претходните резултати, затоа, новите индикатори не играат круцијална улога во генералното намалување на отвореноста.

Највисоките законодавни органи во регионот немаат стратешки пристап до политики за отвореност што беше забележливо и укажано во анализата на отвореноста на Собранието во 2016 година, и остана непроменето во резултатите од мониторингот спроведен во 2017 година. Барања за отвореност може индиректно да произлезат само од Уставот, Деловникот и други акти, и како такви се предмет на различни толкувања и мислења на парламентарното мнозинство.

Падот на нивото на отвореност на сите Собранија на регионално ниво, со исклучок на албанското Собрание кое постигна подобри резултати во 2017 (75%), споредено со 2016 (60%), покажува дека Собранијата не се стремеле да го одржуваат постигнатиот степен на отвореност или да инвестираат во неговиот развој цела една година.

Информациите за работата на Собранијата припаѓаат на граѓаните, и затоа неопходно е константно да се подобрува постоечкото ниво на култура на отвореност на Собранијата. Политиките за отвореност треба да се развиваат со исто темпо како и новите технологии. Новите технологии треба целосно да се користат, бидејќи, меѓу другото, ќе го поддржат и олеснат објавувањето податоци во машински читлив формат. Во овој контекст, постои податок кој покажува дека Собранијата во регионот не се посветени на објавување податоци во отворен формат, а со тоа се негира и минимизира употребливата вредност на објавените информации.

Недостатокот на желба за работење на подобрување на отвореноста и транспарентноста на Собранијата е изворен, и е потврден од фактот што во 2017 половина од Собранијата кои беа опфатени од истражувањето ги немаат одговорено прашалниците, кои претставуваат клучен дел на целото истражување. Безволноста да се одговорат прашалниците е сама по себе индикатор за недоволна отвореност и за недостаток на интерес за промовирање отвореност.

Нашиот мониторинг покажа неколку „критични точки“ т.е. клучни пречки во развојот на отвореноста на Собранијата во регионот.

## Транспарентност, пристапност и комуникација со граѓаните

Забележаниот пад во транспарентноста и пристапноста на Собранијата од регионот мора да запре и значително да се подобри, за овие институции, избрани од граѓаните за граѓаните, да можат да делуваат целосно како столбови на демократијата во овие општества.

Иако постоењето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер значително придонесува кон зголемена транспарентност на Собранијата од регионот, потребно е да се зајакне неговата примена, и императив е Собранијата да направат напори да ја подобрат својата проактивност во објавувањето информации за својата работа.

Иако меѓу Собранијата од регионот има предводници и примери на добра практика кога станува збор за објавување податоци за работата на Собранието и пратениците, нашиот заклучок е дека законодавната рамка и декларативната посветеност на почитување на принципите на отвореност и меѓународните стандарди постојат само на хартија. Овогодинешното истражување исто така покажува дека информациите за активностите на пратениците во комисиите, документите кои произлегуваат од работата на комисиите или поднесените амандмани сè уште не се објавени од повеќето Собранија од регионот. Понатаму, објавувањето информации за работата на Собранијата и пратениците е ретко пропратено со нивна одговорност за постигнатите резултати и квалитетот на работа на оваа институција. Просечниот резултат постигнат од Собранијата во регионот во областа на **комуникација со граѓаните**, кој изнесува 35% од исполнетите индикатори, е уште една причина за загриженост. Собранијата од регионот продолжуваат да бидат инертни и да не се стремат во вложување во нови канали за комуникација кои може да помогнат да се премости празнината меѓу граѓаните и нивниот репрезентативен орган. Друг регионален проблем е почитувањето на принципот дека податоците треба да бидат објавувани во формати на отворени податоци, со што би се подобрила пристапноста и граѓаните би можеле полесно да прибираат информации.

Она што сигурно загрижува е фактот дека транспарентноста и комуникацијата со граѓаните се на најниско ниво кога станува збор за подготовка, дискусија, усвојување и презентација (во формат на отворени податоци) на најважниот годишен законски акт во секоја земја - државниот буџет. Просечниот резултат за секоја земја во 2017 во областа на државниот буџет е 41%, додека сите земји, со исклучок на Албанија (86%) и Црна Гора (58%), имаат процент кој варира од 19% (Србија) и 32% (Косово).

Неопходно е Собранијата од регионот да направат напори за целосно да ја ценат значајноста, улогата и мислењето на граѓанското општество во демократијата и да ги подобрат механизмите за соработка со него. Забележано е дека покрај постоечките механизми и декларативната одлучност на функционерите од законодавната власт, соработката на Собранијата со граѓанското општество во регионот е генерално нарушена. Република Србија ја прекина соработката со Отворениот парламент по протестот организиран од оваа иницијатива заради начинот на кој се раскраваше и се усвои Законот за буџет за 2018 година.

## Собраниски надзор - добра основа и лоша имплементација

Собранијата во регионот на Западен Балкан имаат воспоставено добри основи за спроведување **собраниски надзор** - освен Косово каде се задоволени само 19% од поставените индикатори. Сепак, потребно е оваа функција на законодавната власт да биде значително зајакната на ниво на цел регион, со фокус на нејзино целосно спроведување во пракса. Добрата законодавна основа за постоењето на собраниски надзор не подразбира дека тој всушност ќе се спроведува во пракса. Собранијата од регионот продолжија формално да ја применуваат оваа функција во 2017, а тоа доведе до недостаток од резултати од собранискиот надзор. Потребата да се зајакне контролната и надзорната функцијата на Собранието во смисла на нејзина делотворна имплементација беше истакната од Европската Комисија во индивидуалните извештаи за секоја земја, кои беа објавени во април 2018.

Оваа ситуација нè носи назад до минатогодишниот заклучок. Многу е важно Собранијата да не бидат место за некритичко усвојување на предлозите на извршната власт, туку за ревидирање и делотворна контрола на сè што било сработено. Законодавните должности на пратениците не смеат да бидат причина за запоставување на контролната функција, која е една од најважните гаранции на демократијата. Сите Собранија од регионот мора да направат напори за целосно спроведување на постоечките механизми, а со тоа ќе придонесат кон подигање на нивото на политичка одговорност.

## Слаба евалуација и контрола врз работата на Собранијата и однесувањето на пратениците - ефекти, интегритет и етика

Дури и во 2017 година, работата на Собранијата од регионот не се базираше на воспоставувањето на униформна методологија и соодветни индикатори за мерење на резултатите и квалитетот на нивната работа и работата на пратениците. Стратешкото планирање на Собранијата на ниво на целиот регион задоволува само 25% од поставените индикатори, со тоа што Собранијата на Србија и Косово постигнаа нула поени во овој аспект. Оваа ситуација, која се повторува од година во година, продолжува да влијае на работата на Собранијата и на информирањето на граѓаните за ефектите е резултатите од работата на законодавната власт.

Повеќето Собранија од регионот сè уште го немаат усвоено Законот за лобирање.

Дополнително, интегритетот на Собранијата останува на ниско ниво бидејќи Етичките кодекси на Собранијата во некои земји од регионот сè уште не се усвоени, или нивната примена е доста слаба. Како и во 2016, па и во овој циклус на мерење, се забележува ниско ниво на етика во работата на Собранието и пратениците, а не се применети ниту минатогодишните препораки дадени во оваа област.

Важно е Собранијата кои го немаат усвоено Етичкиот кодекс да го постават ова како приоритет во нивната агенда. Покрај тоа, неопходно е сите Собранија од земјите во регионот да воспостават јасни механизми за мониторинг на спроведувањето на Етичкиот кодекс за пратениците и да го санкционираат

секое прекршување на предвидените етички стандарди. Праксата од регионот покажува дека прекршувањето на Етичкиот кодекс генерално не резултира со санкционирање на непрофесионално однесување и често претставува предмет на политички договори. Доследната примена на Етичкиот кодекс е од круцијално значење за подигање на нивото на политичката одговорност и довербата на јавноста во работата на Собранијата.

## Отвореност на Собранието на Република Македонија

Отвореноста на македонскиот Собрание е на исто ниво како и минатата година, односно исполнува 58% од индикаторите за отвореност, што е за 1% помалку од 2017 година.

Резултатите за 2018 покажуваат дека променетиот собраниски состав на македонското Собрание и новото владејачко мнозинство сè уште не покажува видливи резултати во поглед на активната транспарентност на оваа институција. И покрај демонстрираниот интерес да се работи на поголема отвореност, блокирањето на Собранието од страна на опозицијата има влијание врз ваквите намери.

Опозицијата во најголема мера го блокираше работењето на Собранието поради определениот притвор на шест пратеници од опозицијата, за кои Обвинителство на РМ располага со податоци дека се вмешани во насилниот упад во Собранието од страна на стотина граѓани. Упадот проследен со насилство врз пратеници од сегашното мнозинство се случи откако после четири месеци од конститутивната седница на новиот состав на Собранието, на 27 април 2017 беше избран нов Претседател на Собранието, што според опозицијата беше направено спротивно на деловничките одредби[1].

Сепак и во ваква атмосфера на последователно блокирање на Собранието во два собраниски состави, институцијата ја прифати иницијативата за т.н. процес Жан Моне инициран од тројцата европратеници Иво Вајгл, Едуард Кукан и Кнут Флекенштајн, која имаше за цел поголема вклученост на Собранието во евроинтегративните процеси на државата[2]. Во текот на 2018 пратеници од сите пратенички групи работеа на прашања поврзани за измена на Деловникот за работа на Собранието, Етичкиот кодекс и буџетската независност. Овие зафати беа во насока Собранието да биде поефикасно, транспарентно и ефективно при исполнувањето на очекувањата на граѓаните. Сепак, непостоење на консензус за најголем дел од прашањата доведе до само делумен успех на процесот, што резултираше единствено со донесување на Етичкиот кодекс на пратениците[3].

Понатаму, определена соработка е регистрирана и при носењето на реформските закони со гласањето на опозицијата, како на пример за Законот за Оперативно-техничката агенција и Законот за следење на комуникациите – обата дел од пакетот на реформски закони[4].

Понатаму, мерки за подобрување на демократскиот амбиент на Собранието беа предложени и од страна на Владата во Планот 3 – 6 – 9[5], што претставуваше План за имплементација на ургентните реформски приоритети на Европската комисија и на препораките на експертската група предводена од Прибе. И покрај тоа што се работи за предлози кои доаѓаат од страна на Владата, при презентирањето на Планот во Собранието, претседателот се обврза на мерките, во кои меѓу другото се предвидуваше и зајакнување на улогата и учеството на претставници на граѓанското општество во работата на работните тела на Собранието.[6]

1) Три лица, за кои се смета дека се блиски на сегашната собраниска опозиција, беа обвинети за обид за убиство на пратеникот Зијадин Села и добија вкупно 80 години затворски казни. Судењето за пратеници и за другите 24 обвинети лица за упадот во Собранието е закажано за 22 август 2018.

2) https://novatv.mk/pratenitsite-preku-zhan-mone-go-otvoraat-delovnikot/

3) Етички кодекс за однесување на пратениците во Собранието на РМ, http://sobranie.mk/material-details.nspx?materialId=6313a878-faf4-4b55-8c52-9c7d793da203

4) Набљудување на спроведувањето на последните три месеци од Планот 3-6-9, http://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2018/05/WEB-Izveshtaj-3-6-9-9-MK.pdf

5) План 3-6-9, http://vlada.mk/sites/default/files/programa/2017-2020/Plan%203-6-9%20MKD.pdf

Но, и покрај длабоката институционална криза, Собранието и понатаму ги спроведува востановените добри практики на отвореност пресликани преку редовното објавување на дневните редови за работа на пленарните сесии и на работните тела, видео и стенограмските записи од пленарните седници, присуствата и начинот на гласање на пратениците на пленарните сесии, контактите и биографиите на пратениците (но не и нивните плати и средствата кои тие ги побарале за надомест на патните трошоци), како и редовно објавување на темелни годишни извештаи.

Сепак, останува забелешката од истражувањето во 2017 дека Собранието на РМ треба да работи на подобрување на отвореноста на работните тела (комисиите), со тоа што би се објавувале присуствата на пратениците на сесиите, стенограмските и видео записите, како и начинот на гласање на пратениците на работните тела. Според сегашната пракса се објавуваат заклучоците и предложените амандмани, а видео записите (кои се емитуваат и со задоцнување од неколку дена и без информации кога ќе се објават од одредени седници) и покрај тоа што се емитуваат на националниот собраниски ТВ канал, не се објавуваат на веб страницата на Собранието.

Граѓанските организации укажуваат на тоа дека не се објавуваат записниците од седниците на работните тела, додека структурата на записниците е невоедначена и во праксата не ги следи одредбите на Деловникот. Во поглед на квалитетот на изготвените записници се нотира прогрес, но само во работењето на мал број комисии[7].

## Подобрување на консултативните процеси при носењето на законите

Собранието во Македонија исполнува 61% од индикаторите за консултативни процеси со јавноста при носењето на законите и другите политики. Ваквиот резултат се должи на деловничката можност експерти и претставници на граѓаските организации да учествуваат на седниците на работните тела. Но, ваквата можност не е и обврска за Собранието.

Во рамките на индикаторите за консултативни процеси со јавноста при носењето на законите беше оценуван и бројот на закони за кои Собранието побарал мислење од стручната или општата јавност. Само за 50% од законите и другите акти или стратегии работните тела побарале мислење од јавноста, што уште еднаш потврдува дека консултативниот процес мора да биде гарантиран и задолжителен, а не да се практикува факултативно.

Но, и покрај нискиот процент на консултирани закони со јавноста, треба да се поздрави активирањето[8] на определени специјализирани тела[9], чиј мандат е од клучно значење, како, на пример, оној на Анкетната комисија за човекови права, која се немаше состанато во претходниот собраниеарен состав.

Дополнително, специфика на повеќе собраниски состави е носењето закони во скратена постапка. Ако во 2016 г. од донесени 366 закони, дури 238[10] биле донесени во скратена постапка, во 2017 г. има незначително подобрување, па од вкупно 42 закони со скратена постапка биле донесени 24[11]. Ваквата пракса дополнително ја намалува можноста за квалитетни консултативни процеси, а на неа се противат и мнозинството граѓани[12].

6) Останатите мерки од Плано 3 – 6- 9 кои се однесуваат на Собранието се: Заради зајакнување на отчетноста, Владата му предлага на Собранието, покрај редовните, да воведе и тематски пратенички прашања, еднаш неделно во траење од еден час • Задолжително елаборирање пред собраниските тела на предлог законите од страна на Владата на експертско ниво • Враќање на суштинската надзорна улога на Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање, преку редовни состаноци во кои задолжително активно ќе партиципираат УБК и Агенцијата за разузнавање • Враќање на суштинската надзорна улога на Комисијата за надзор над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и Министерството за одбрана, преку редовни состаноци во кои задолжително активно ќе партиципираат сите надлежни институции • Вклучување на собраниските комисии за надзор на разузнавачките служби во проектот за реформа на разузнавачките и безбедносните служби • Реактивирање на Клубот на жени пратенички 3 • Реактивирање на Постојаната анкетна комисија за човекови права • Зголемување на улогата на опозицијата во работата на Собранието преку овозможување на мнозинство и претседавање во значителен број на собраниски комисии.

7) 5ти Извештај за индексот на отчетност, транспарентност и продуктивност на Собранието за периодот 1 јануари – 31 март 2018, http://most.org.mk/wp-content/uploads/2017/07/Index-Report-5_ENGFinal.pdf

8) Фактографски извештај за имплементацијата на Планот 3-6-9, http://vlada.mk/sites/default/files/programa/2017-2020/faktografskiizveshtajplan369.pdf

9) Реактивирана е Интерпартиската собраниска група за правата на лицата со хендикеп; воспоставен е Клуб за младински прашања и политики и конституирана е Интерпартиска собраниска група за правата на ЛГБТИ лицата.

10) Годишен извештај на Собранието за 2016, http://sobranie.mk/content/izvestai/IZVESTAJ%20ZA%20RABOTATA%20NA%20SOBRANIETO%20NA%20RM%202016.pdf

11) Годишен извештај на Собранието за 2017, https://www.sobranie.mk/content/izvestai/IZVESTAJ%20ZA%20RABOTATA%20NA%20SOBRANIETO%20NA%20RM%202017.pdf

12) Ивештај од теренска анкета за перцепцијата на јавноста за процесот на проценка на вијанието на регулативата, http://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2018/01/%D0%88%D0%B0%D0%B2%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B0-%D1%81%D0%B2%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BA-%D0%B8-%D1%83%D1%87%D0%B5%D1%81%D0%BD%D0%B8%D0%BA-%D0%B2%D0%BE.pdf

## Собранието на Македонија усвои Етички кодекс

Собранието на Македонија го усвои својот прв Етички кодекс[13] на 11 јуни 2018, што е надвор од временската рамка кога се спроведуваше истражувањето, што пак придонесува за ниските 44% од индикаторите за отвореност во областа на интегритет на институцијата, каде исто така се оценуваат и правилата за лобирање (исполнети со 100%) и политиките за конфликт на интереси (оценети со 59%).

Сепак, донесувањето на Кодексот со консензус од страна на политичките партии во Собранието е за поздравување, но и македонското Собрание, исто како и собранијате во регионот, ќе треба да утврди јасни механизми за набљудување на имплементацијата на Етичкиот кодекс. Праксата од регионот покажува дека прекршувањето на Етичкиот кодекс не секогаш резултира со санкции, туку е предмет на политички договор. Конзистентната примена на Етичките кодекси е од круцијално значење за подигнување на степенот на политичката отчетност и на јавната доверба за работата на законодавната власт.

Кодексот има за цел да го афирмира достоинството и угледот на пратениците и да ја зголеми довербата на јавноста во Собранието. Угледот на Собранието беше загрозуван во повеќе наврати во изминатите години, а насилните случувања од 27 април 2017 год., кога јавноста посведочи вклученост на пратеници во насилството, целосно го поткопа имиџот на функцијата народен пратеник, а и на Собранието воопшто.

## Контролните механизми на Собранието

Индикаторите за Собраниски надзор се исполнети со високи 83%, а само собранијата на Албанија (88%) и на Црна Гора (93%) имаат подобри резултати. Резултатите се високи бидејќи македонското Собрание ги гарантира вообичаените контролни механизми, како што се: пратеничките прашања, интерпелацијата, надзорните расправи, итн. Сепак, 2017 г. беше специфична по тоа што основниот контролен механизам што го користи Собранието - пратеничките прашања - беа речиси неупотребени. Новоизбраната Влада одговараше само еднаш во првите 6 месеци од мандатот[14] а вкупно биле поставени 41 пратеничко прашање[15]. Интенција, на Владата беше да се зголеми бројот на седници за пратенички прашања од еднаш на четири пати месечно, но оваа иницијатива не се реализираше од страна на Собранието[16].

## Информации од јавен карактер и финансиската транспарентност

Индикаторите за пристапот до информации и за финансиската транспарентност се на исто ниво – оценети со 61 и 62% исполнување на индикаторите за отвореност. Поразително е што Собранието на својата веб страница го нема посочено офицерот за пристап до информации од јавен карактер, ниту ја ажурира и објавува на годишно ниво листата на информации од јавен карактер.

Индикаторите за отвореност, во поглед на државниот буџет, се за 2% пониски од минатата година и со 27% исполнување претставува најслабиот резултат на Собранието. Во оваа смисла од особено значење е пратениците да ги продолжат

13) Етички кодекс за однесување на пратениците во Собранието на РМ, http://sobranie.mk/material-details.nspx?materialId=6313a878-faf4-4b55-8c52-9c7d793da203

14) https://time.mk/c/5c3cf043c6/prva-sednica-za-pratenicki-prasanja.html

15) Годишен извештај на Собранието за 2017, https://www.sobranie.mk/content/izvestai/IZVESTAJ%20ZA%20RABOTATA%20NA%20SOBRANIETO%20NA%20RM%202017.pdf

16) http://vistinomer.mk/nema-pratenichki-prashana-ednash-vo-nedelata/

заложбите од процесот „Жан Моне" насочени токму кон буџетот, неговата независност и транспарентност.

Собранието го објавува предлог буџетот на државата, но не и финално изгласаниот Буџет на РМ или пак полугодишните извештаи за трошењето на буџетот, ниту завршната сметка. Граѓански буџет сè уште не е објавен на веб страницата на Собранието, иако таа пракса ја започна Владата и неколку министрства. Собранието исто така не објавува линк до страницата на Државната комисија за спречување корупција каде што се објавуваат анкетните листови за имотот на пратениците, ниту објавува линк до Единствениот систем за јавни набавки.

## Механизми за комуникација со граѓаните треба повеќе да се промовираат

Зголемувањето на исполнувањето на индикаторите за интеракција на Собранието со граѓаните од 61% на 64% е незначително, поради што препораките остануваат непроменети.

Собранието треба да направи повеќе во рамки на организацијата и усовршувањето на комуникациите преку расположливите алатки[17], тоа треба да ги поттикнува пратениците повеќе да ги користат алатките и тие да бидат промовирани меѓу граѓаните.

## Методологија на истражување

Отвореноста е клучен услов за демократијата бидејќи им овозможува на граѓаните да ги добијат информациите и знаењата потребни за еднакво учество во политичкиот живот, ефикасно донесување одлуки и држење институции одговорни за политиките што ги спроведуваат. Институциите ширум светот преземаат конкретни активности со цел да ја зголемат нивната транспарентност и отчетност кон граѓаните. Со цел да се утврди степенот до кој граѓаните од Западен Балкан добиваат навремени и разбирливи информации од нивните институции, се разви регионален индекс на отвореност.

Индексот на регионална отвореност го мери степенот до кој институциите на земјите од Западен Балкан се отворени за граѓаните и општеството, врз основа на четири принципи: (1) транспарентност (2) пристапност (3) интегритет и (4) ефикасност.

Принципот на транспарентност подразбира дека организациските информации, буџетот и постапките за јавни набавки се јавно достапни и објавени. Пристапноста се однесува на обезбедување и почитување на постапките за слободен пристап до информациите и зајакнување на пристапноста на информациите преку механизмот на јавни сослушувања и зајакнување на интеракцијата со граѓаните. Интегритетот вклучува механизми за спречување на корупцијата, имплементација на Етичките кодови и регулирање на лобирањето. Последниот принцип, ефикасност, се однесува на мониторингот и евалуацијата на политиките што ги спроведуваат институциите. Следејќи ги меѓународните стандарди, препораки и примери за добра практика, овие начела се понатаму разработени преку специфични квантитативни и квалитативни индикатори кои се оценуваат врз основа на достапност на информациите на официјалните интернет страници

17) Веб страницата на Собранието има посебен дел посветен на комуникацијата на пратениците и на претседателот со граѓаните; институцијата е присутна и активна на социјалните мрежи и има you tube канал.

на институциите, квалитетот на правната рамка за поединечни прашања, други извори на информации од јавен карактер и прашалници до институциите.

Преку повеќе од 110 индикатори по институција, ја меревме и ја анализиравме отвореноста на сите собранија во регионот и собравме преку 1000 податоци. Собирањето на податоци беше проследено со процес на верификација на податоците, што резултираше со стандардна грешка од +/- 3%.

Мерењето беше спроведено од декември 2017 година до крај на март 2018 година. Врз основа на резултатите од истражувањето, развивме збир препораки и упатства за институциите.

**Метаморфозис** е независна, непартиска и непрофитна фондација со седиште во Скопје, Република Македонија. Мисијата на Метаморфозис е да придонесе за развој на демократијата и подобрување на квалитетот на живеење преку иновативна примена и ширење на знаењето. Наши главни вредности се отвореност, еднаквост и слобода. Програмските области во кои делува Метаморфозис се:

• Општествени иновации

• Животна средина

• Човекови права

• Добро владеење

Фондација Метаморфозис

адреса: ул. „Апостол Гусларот” бр. 40, 1000 Скопје, Македонија
е-пошта: info [AT] metamorphosis.org.mk
телефон: +389 2 3109 325
www.metamorphosis.org.mk

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека «Св. Климент Охридски», Скопје

328.187./.188(497.7)

НАУМОВСКА, Нада

Препораки за подобрување на состојбата : отвореност на Собранијата во регионот и во Македонија / Нада Наумовска, Данче Даниловска. - Скопје : Фондација Метаморфозис, 2018. - 16 стр. ; 25 см

ISBN 978-608-4564-92-8

1. Даниловска, Данче [автор]

а) Парламент - Транспарентност - Македонија

COBISS.MK-ID 108119306

